ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
NP PARQE DHE GJELBËRIME
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ - СКОПЈЕ NDËRMARRJA PUBLIKE - SHKUP

ч.р.

**Архивски број | Numri i arkivit** 04-1680/2
**Дата | Data** 09.10.2024

Врз основа на чл.37-њ и 37- н од Законот за јавни претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.38/96, 39/16, 64/18 и 35/19), чл.20--23 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги 02-1194/11 од 22.06.2017, Директорот на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 02/2024**
**за пополнување на работно место со унапредување на даватели на услуги**

1. **Координатор - Одговорно лице на Објект СРЦ Сарај**, шифра **250/КДР0305Б02101 , Објект СРЦ Сарај, Сектор - Вонградско зеленило**,(1) еден извршител;

- *Посебни услови*
- За ниво Б2 стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование.
- за нивото Б2 најмалку две години работно искуство во струката;
- Распоред на работно време
- Работни денови од понеделник до петок 07:00 - 15:00 часот
- Работни часови неделно 40 часа
- Паричен нето износ на плата 29.460,00 денари

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнува и следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се пријават сите вработени од претпријатието кои ги исполнуваат општите и посебните услови пропошани за соодветното работно место согласно правилникот за систематизција на работните места во претпријатието.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на огласот.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку архивата на ЈП „Паркови и зеленило" Скопје до Одделението за управување со човечки ресурси на адреса ЈП „Паркови и зеленило" Скопје, бул.Илинден бр. со назнака "за интерен оглас".

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈП „Паркови и зеленило" - Скопје.

<u>НАПОМЕНА:</u> Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**Ј.П. „Паркови и зеленило"/N.P. „Parqe dhe gjelbërime"**

**в.д Директор/u.d.Drejtor,**

**Jeton Buqi**